РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Комитет за следење на ИПАРД

# *Записник од шестнаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД*

## *7 Јули 2015*

Арх. бр. - 11-10904/1

Датум 20.12., 2016, Скопје

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД, г-дин Ванчо Костадиновски, Заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД: Раководител на Тело за управување со ИПАРД , м-р Маргарита Делева.

*Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД* :

1. **Абдилгафар Синани**, Раководител на Сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Игор Златков**, Директор на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
3. **Стеванче Јорданоски**, Претседател на Федерација на Фармери во Република Македонија;
4. **Наташа Вртеска**, Правен советник на Заедница на единиците на локалната самоуправа;
5. **Робертина Брајаноска**, Извршен Директор на Македонско Еколошко Друштво;
6. **Ефтим Шаклев**, Претседател, Асоцијација на земјоделци;
7. **Петар Ѓеоргиевски**, Претседател на Мрежа за рурален развој на Р.М;
8. **Драги Димитриевски**, Декан на Факултет за земјоделски науки и храна;
9. **Блажо Јаневски**, Раководител на сектор, Агенција за храна и ветеринарство;
10. **Сашо Ристевски**, Секретар, Македонска Асоцијација на Преработувачи;
11. **Соња Трајкова**, Кабинет на Министер, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
12. **Љубиша Николоски**, Раководител на Сектор, координација и институционална поддшка, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;
13. **Снежана Герасимова-Матеска**, Советник, Министерство за култура;
14. **Олга Стоименова**, Здружение на жени земјоделки "Агро-Винка", Виница;
15. **Огнен Оровчанец**, Сојуз на стопански комори на Република Македонија, Агро-бизнис комора;
16. **Живко Брајковски**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
17. **Билјана Петкоска**, Министертво за животна средина и просторно планирање.

***Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД:***



Project implemented by: IPARD Managing Authority
Str. Aminta Treti 2, Skopje; Tel: +389 2 313 44 77
Financed: Measure Technical Assistance (501) under IPARD programme 2007-2013

1. Дана Петреска, СЕП
2. Александар Андовски, КЗПВРМ
3. Лукман Шакири, Министерство за економија

*Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:*

1. **Џерард Кили**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),

2. **Елица Живкова**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри).

Претставници од Европска Делегација:

1. **Оливиер Мас**, Делегација на Европска Унија во Република Македонија.

*Претставници на ИПАРД структурата:*

*Претставници од НАО и НФ :*

1. **Сузана Стоимчева**, Министерство за финансии, Државен советник и Национален координатор за авторизација на ИПА фондовите;

2. **Фатмир Адеми**, Министерство за финансии.

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):

1. **Маргарита Делева**, Државен советник за рурален развој;
2. **Билјана Костовска**, Раководител на Сектор ИПАРД;
3. **Младен Колариќ**, Раководител на Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
4. **Виктор Младеновски**, Овластен Раководител на Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
5. **Василка Тамбуркова**, Советник на Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. **Игор Трошански**, Советник за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите;
7. **Оливер Стефановски**, Помлад соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;



Project implemented by: IPARD Managing Authority
Str. Aminta Treti 2, Skopje; Tel: +389 2 313 44 77
Financed: Measure Technical Assistance (501) under IPARD programme 2007-2013

8. **Јасмина Хаџибулиќ**, Помлад соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
9. **Златко Колевски**, Соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
10. **Ангел Карапетров**, Помлад соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
11. **Жарко Милошевски**, Помлад соработник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите
12. **Гордана Смилеска**, Самостоен референт

*Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):*

1. **Билјана Вуковиќ**, Директор, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР).

2. **Маја Брајовиќ**, Раководител на сектор за внатрешна ревизија,Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР).

3. **Панче Арсов**, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

4. **Влатко Христов**, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

***Резултати: Претседателот на Комитетот и 17 членови и 3 заменици, со право на глас (од вкупно 24 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од 2/3 од членовите со право на глас за одржување на состанокот согласно Деловникот за работа член 9 став 4.***

***Листа на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во Прилог 1 од овој Записник.***

***Листа на набљудувачи е прикажана во Прилог 2 од овој Записник.***

II. ДНЕВЕН РЕД

III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:



Project implemented by: IPARD Managing Authority
Str. Aminta Treti 2, Skopje; Tel: +389 2 313 44 77
Financed: Measure Technical Assistance (501) under IPARD programme 2007-2013

**1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: „ Усвојување на предлог Дневниот ред на 16ТИ состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"**

Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК). Воедно ги информираше членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за предлог дневниот ред за шестнаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД во отсуство на забелешки во однос на дневниот ред ја усвоија следнава одлука:

**Одлука бр.1**: Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Дневниот ред за шеснаесетиот (16ОТ, пролетен) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

*Усвоениот дневен ред е прикажан во Анекс 1.*

**2. Во врска со точка 2 од дневниот ред: „ Усвојување на Записникот од претходниот (15-ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД " (одржан на 20 февруари, 2015)"**

Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД ги информираше членовите во однос на Нацрт Записникот од претходниот (15ОТ) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД кој што беше доставен на коментари до сите членови на Комитетот и до присутните претставници на Европската Комисија.

Членовите на комитетот за следење без забелешки по однос на записникот ја усвоија следнава:

**Одлука бр.2:** Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од петнаесеттиот (15ОТ, есенски) состанок, кој што се одржа на 20 февруари, 2015 година, со вклучени коментари од ЕК како финален. Коментарите и измените се наведени во прилог на записникот, како негов составен дел.

*Усвоениот Записник е прикажан во Анекс 2.*



Project implemented by: IPARD Managing Authority
Str. Aminta Treti 2, Skopje; Tel: +389 2 313 44 77
Financed: Measure Technical Assistance (501) under IPARD programme 2007-2013

недополнувањето на комплетна документација од страна на апликантите. Во таа насока беше усвоен следниов заклучок:

**Заклучок бр. 5**: Комитетот за следење на ИПАРД беше информиран за следењето на проектите на ИПАРД Програмата од страна на ИПАРД Агенцијата.

На оваа точка се надоврза г-дин Шаклев кој даде предлог да има дополнување во Законот за легализација на фарми на земјоделско земјиште да се вклучи и легализација на оранжериите, а во однос на барањата за извлечност на води, односно за бушотини на земјоделско земјиште до 10 хектари да се бара само мислење од Министерство за животна средина како замена за изготвување на елаборат.

Претставникот на Македонска асоцијација на преработувачи г-дин Сашо Ристески, информираше дека интересот кај преработувачката индустрија е навистина опаднат, особено во преработката на овошје и зеленчук, но сепак фирмите инвестираат, барајќи банкарски кредити , додека ИПАРД им е трета опција за инвестиции.

Во однос на оваа точка се надоврза и директорот на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија г-дин Љубиша Николовски, кој информираше дека најголемо искористување на средствата од ИПАРД Програмата ќе предизвика Мерка 302 и даде предлог да се организираат обуки за консултанти од АППРМ за изработка на проекти од ИПАРД Програмата за мерка 302. Во однос на овој предлог донесен е следниот заклучок:

**Заклучок бр. 6**: Комитетот за следење на ИПАРД, по предлог на претставникот на АППРМ, ги задолжи ТУ и АФПЗРР да организира обуки за консултантите од АППРМ за изработка на проекти од ИПАРД Програмата, за мерка 302.

Во однос на точката за преглед на состојбите за спроведување на ИПАРД Програмата, претставникот на НИМС Проектот г-дин Доналд ја презентираше направената анализа од ЕУ за подобрување на програмата. Врз основа на оваа анализа беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи ТУ да организира состанок на "Работната група за преглед на проблемите при апликирање и користење

на ИПАРД средства" (формирана согласно заклучокот бр.4, донесен на 15от МК) , на кој ќе се разгледа анализата на критериумите на ИПАРД програмата и предлозите кои произлегуваат од неа, направена од страна на проектот за воведување на нови ИПАРД мерки.

**5.3. Во врска со потточка 5.3 од дневниот ред : „Извештај за потпишување на измените на Секторска спогодба "**

Во однос на оваа точка, г-ѓа Серафимова информираше дека е доставено официјално известување, со пропратна документација до Генерален Директорат за земјоделство (ДГ –Агри) на 13.05.2015 година, со што се смета дека измените во однос на примена на стандардни трошоци, користење на фондовите за кофинансирање до 2017 година, како и поместување на датумот за затварање на програмата, односно завршување на исплатите до 31.12.2017 година, се влезени во сила.

Во таа насока, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниов заклучок:

**Заклучок бр. 8:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за усвојување на измените во Секторската Спогодба.

**6. Во врска со точка 6 од дневниот ред: „Дискусија/одобрување на модификација на ИПАРД Програмата 2007-2013"**

Во однос на оваа точка г-нот Трошански информираше за 7-мата Модификација од ИПАРД Програмата 2007- 2013, односно за измените во програмата кои генерално се однесуваат на пренамената на средства од Мерка 101 за кофинансирање од 75% на оштетените земјишта во поплавените регионите на Р. Македонија, од кои најголема штета од 88% претрпеа општините Могила, Новаци и Босилево од вкупно 43 поплавени општини. Исто така информираше дека оваа модификација е доставена до ДГ-Агри на консултации и истата содржи внесување на житариците како прифатлив сектор за ИПАРД 2007-2013 само поплавените подрачја.

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за седмата модификација на ИПАРД Програмата 2007- 2013.**



Project implemented by: IPARD Managing Authority
Str. Aminta Treti 2, Skopje; Tel: +389 2 313 44 77
Financed: Measure Technical Assistance (501) under IPARD programme 2007-2013

**7. Во врска со точка 7 од дневниот ред: „Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД"**

Претставникот на Националниот координатор за авторизација г-дин Фатмир Адеми го информираше Комитетот за следење на ИПАРД за функционирањето на системот за управување и контрола. Во текот на 2015 година во Ипард Агенцијата биле предвидени 9 внатрешни ревизии, од кои 1 е спроведена, а 4 ревизии се во тек, во Националниот Фонд при Министерство за Финансии е предвидена 1 ревизија, додека во Телото за управување со ИПАРД се предвидени 2 ревизии.

Врз основа на оваа точка Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10**: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирање на системот за управување и контрола.

**7.1: Во врска со потточка 7.1 од дневниот ред: „Прогрес за акредитација на Мерката 501-Техничка помош"**

Во однос на оваа точка г-нот Фатмир информираше за прогресот за акредитација на Мерката 501- Техничка помош од која бенефиции ќе има целата програма како и апликантите, при што ќе се овозможи решавање на проблемот во однос на публицитетот, како и напредокот на кадровскиот потенцијал, исто така информираше дека се подготвува и пакетот за ре-акредитација за ИПАРД II Програмата.

Врз основа на оваа потточка Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 11**: Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот за акредитација за Мерката 501, Техничка помош од ИПАРД Програмата.

**8. Во врска со точка 8 од дневниот ред: „Прелиминарни резултати од тековната евалуација"**

Во однос на оваа точка, Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за резултатите од спроведената евалуација на ИПАРД 2007- 2013 Програма, од страната

на надворешни евалуатори, со цел да се проценат ефектите, слабостите и да се изнајдат конкретни решенија за проблемите. Од реализираната евалуација е добиен позитивен извештај со одредени препораки во насока на решавање на недостатоците на програмата. Накратко беа презентирани следниве заклучоци од извештајот од тековната евалуација:

- ИПАРД I програмата е оценета како конзистентна со националните политики и стратегии во областа на земјоделството и руралниот развој, успешно е оценета и од апликантите кои добиле инвестиции кои ги исполниле нивните очекувања, дел од мерките од Националната Програма да се спроведат преку ИПАРД Програмата за да постои комплетност на пакетот особено во модернизацијата на земјоделските стопанства.
- Институционалната рамка е оценета како неуспешна поради недостатокот на човечки рисурси, но успешните апликанти тврдат дека се задоволни и дека благодарение на инвестициите од ИПАРД успеале значително да ја зголемат продуктивноста на своите претпријатија и да вработат нови лица.
- ИПАРД Програмата овозможува градење на институционала експертиза, бидејќи вработените во државните институции кои ја спроведуваат оваа програма се стекнуваат со професионални квалификации
- Чувањето на податоците во сите институции е на високо ниво
- Подобрување на човечките ресурси ќе се овозможи со тоа што сите институции заеднички ќе ги решаваат проблемите

Во однос на оваа точка Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 12:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за тековната евалуација на ИПАРД Програмата.

Во однос на оваа точка се надоврза претставникот на Директорат за земјоделство и рурален развој (ГД-Агри), г-ѓа Елица која побара ИПАРД Оперативната Структура, до крајот на септември, да достави план на активности за постапување по наодите утврдени од тековната евалуација на ИПАРД 2007-2013 Програма и ТУ и АФПЗРР да одржат обуки за мерка 302 , пред секој јавен повик.

Во таа насока, Комитетот за следење на ИПАРД ги усвои следните заклучоци:

**Заклучок бр. 13:** По предлог на претставникот на ЕК ,се задолжи ИПАРД Оперативна Структура, до крајот на септември, да достави план за активности за постапување по наодите утврдени од тековната евалуација на ИПАРД 2007-2013 Програма.

**Заклучок бр. 14:** По предлог на претставникот на ЕК, Комитетот за следење на ИПАРД ги задолжи ТУ и АФПЗРР да одржат обуки за мерка 302 , пред секој јавен повик.

**9. Во врска со точка 9 од дневниот ред: „Информација/дискусија за подготвителни активности за ИПАРД II 2014-2020"**

**Потточка 9.1: Прогрес за програмирање и акредитација на нови мерки:**

**-Прогрес во акредитација на мерката Рурална инфраструктура;**

Г-ѓа Маја Брајовиќ од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој информираше за прогресот за акредитацијата на мерката Рурална инфраструктура.

Во однос на оваа точка Комитетот за следење на ИПАРД ги усвои следните заклучоци:

**Заклучок бр. 15:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за прогресот во акредитацијата на мерката Рурална инфраструктура.

Во однос на оваа точка се надоврза претставничката на ЗЕЛС, г-ѓа Наташа Вртеска која информираше за соработката со АФПЗРР и посочи недостаток од директна комуникација со Агенцијата во однос на навремено информирање за промените, прогресите и заклучоците кои се носат во врска со програмата, со цел ЗЕЛС да може да придонесе за позитивен развој во новата програма.

Во таа насока, Комитетот за следење на ИПАРД ги усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 16:** Комитетот за следење на ИПАРД, го задолжи ТУ да изврши консултации со Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС и АФПЗРР, во врска со можните измени за мерката Рурална инфраструктура, кои би произлегле при подготовка на пакетот за акредитација.



Project implemented by: IPARD Managing Authority
Str. Aminta Treti 2, Skopje; Tel: +389 2 313 44 77
Financed: Measure Technical Assistance (501) under IPARD programme 2007-2013

**-Прогрес во програмирање и акредитација на мерка 202 ЛЕАДЕР и мерка Советодавни услуги;**

Г-дин Адриан Нил тим лидер на ИПА проектот за воведување на нови ИПАРД мерки LEADER и Советодавни услуги – NIMS информираше за прогресот на програмирање и акредитација на мерките ЛЕАДЕР и Советодавни услуги.

Во отсуство на забелешки Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 17:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за прогресот на програмирање и акредитација на мерките ЛЕАДЕР и Советодавни услуги.

**10. Во врска со точка 10 од дневниот ред : „Спроведување на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Ангел Карапетов, го презентираше Планот за активности за комуникација и публицитет на ТУ за 2015 година.

Во отсуство на забелешки, Комитетот за следење на ИПАРД ги донесе следните заклучоци:

**Заклучок бр. 18:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за превземените активности за спроведување на комуникацијата и публицитетот на ИПАРД Програмата.

**Заклучок бр. 19:** Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи ТУ, обуките за мерка 302,согласно заклучоците бр.6 и бр.13, да ги одржи во текот на месец септември.

**11. Во врска со точка 11 од дневниот ред: „Разно"**

Во однос на оваа точка не беше покрената дискусија.

**12. Во врска со точка 12: „Предлог Дневен ред за следниот 17ти есенски состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД Маргарита Делева, предложи наредниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД да се одржи во текот на декември месец 2015 година.

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| Ванчо Костадиновски | м-р Билјана Костовска |
| Титула: Претседател | Раководител на Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД) |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 15.11.2016 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО СКОПЈЕ

# Листа на присутни на 16 [ти] Комитет за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ванчо Костадиновски | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Соња Трајкова | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | **МЗШВ** | √ | | | | 1 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-дин Уљуси Шерифи | **МЛС** | | √ | | | 1 |
| 6. | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | **СЕП** | | √ | | | 0 |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | **МК** | √ | | | | 2 |
| 8. | Г-ѓа Ардиана Абази - Рамадани | **МЕ** | | √ | | | 0 |
| 9. | Г-дин Блажо Јаневски | **Агенција за храна и ветерина** | √ | | | | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Г-ѓа Билјана Петкоска | МЖСПП | √ | | | | 0 |
| | | | | АГЕНЦИИ | | | |
| 11. | Г-дин Игор Златков | АПРЗ | √ | | | | 0 |
| 12. | Г-дин Љубиша Николовски | Агенција за поддршка на претприемништвото | √ | | | | 2 |
| | | | ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | |
| 13. | Г-дин Васко Ристовски | Стопанска комора на Македонија | | √ | | | 1 |
| 14. | Г-дин Огнен Оровчанец | Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ | √ | | | | 2 |
| 15. | Г-дин Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Стеванче Јорданоски | Федерација на фармери на Македонија | √ | | | | 0 |
| 17. | Г-дин Вељо Тантаров | Сојуз на земјоделци на Македонија | | √ | | | 2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | 0 |
| 19. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | √ | | | | 2 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | √ | | | | 1 |
| 21. | Г-ѓа Оливија Штерјова | **Комора на занаетчии** | | √ | | | 2 |
| 22. | Проф д-р Душан Спасов | **Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип** | | √ | | | 2 |
| 23. | Г-дин Ефтим Шаклев | **Асоцијација на земјоделци** | √ | | | | 0 |
| 24. | Г-дин Петар Ѓоргиев | **Рурална мрежа на Р.М** | √ | | | | 1 |
| 25. | Г-ѓа Робертина Брајаноска | **Македонско еколошко друштво** | √ | | | | 0 |
| | **ВКУПНО** | | | | | | |

## Прилог 2: Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД

**Претставници од државни институции:**

- Лидија Чадиковска - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Раководител на сектор за интернационална соработка
- Маја Лазареска - Сектор за ЕУ
- Влатко Поповски - Агенција за вработување на Република Македонија, Директор
- Климент Шеќеровски - Агенција за странски инвестиции на Република Македонија, Заменик Директор
- Драган Мартиновски - Македонска банка за обнова и развој, Директор
- Зоран Поповски - Агенција за храна и ветеринрство
- Ромела Поповиќ - Кабинет на ЗПВРМ
- Татијана Арсова - Кабинет на Премиер на РМ
- Лазар Котевски - Градоначалник на општина Новаци
- Љупчо Колев - Градоначалник на општина Босилово
- Димитар Малиновски, ЕУД
- Светлана Глигорова, Министертво за животна средина и просторно планирање

**Претставници од Ревизорско Тело:**

- Весна Младеновска – Сектор за ревизија за компонента V – ДЗР
- Јасмина Вукичевиќ - Сектор за ревизија за компонента V-ДЗР

**Претставници од економски и социјални партнери:**

- Петар Глигоров - Здружение на средни земјоделски училишта, Претседател
- Климе Балески - Земјоделски институт, Директор
- Васил Костов - Институт за сточарство, Директор
- Билјана Анѓелова - Економски институт
- Јорде Јакимовски - Институт за социолошки политичко-правни истражувања, Директор
- Дине Митрев - Факултет за ветеринарна медицина

# Прилог 2: Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД

**Претставници на ИПА проект за воведување на нови ИПАРД мерки- LEADER и Советодавни услуги:**

- Adrian Neal - тим лидер на ИПА проектот за воведување на нови ИПАРД мерки LEADER и Советодавни услуги – NIMS;
- Donald Aquilina – експерт за советодавни услуги.